**БАЗА НА ПРАШАЊА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ЛОВЕЧКИ ИСПИТ (2024)**

1. **Што се уредува со Законот за дивечот и ловството?**
   - Со овој закон се уредуваат одгледувањето, заштитата, ловењето и користењето на дивечот и неговите делови, заштитата, зачувувањето и унапредувањето на живеалиштата на дивечот, востановувањето, уредувањето и одржувањето на ловиштата, начинот на давањето на дивечот на користење, како и други прашања од значење на дивечот и ловството
2. **Што се смета за дивеч според Законот за дивечот и ловството?**
   - Дивеч се определени видови на животни и птици кои слободно живеат во природата или во оградени површини, а може да се одгледуваат, размножуваат, заштитуваат и ловат
3. **Во чија сопственост е дивечот во Република Северна Македонија?**
   - Дивечот е во државна сопственост и како добро од општ интерес за Република Северна Македонија ужива посебна заштита.
4. **Дефинирај го поимот ловство?**
   - Ловството е стопанска дејност која претставува одгледување, заштита, ловење и користење на дивечот и неговите делови
5. **Наброј ги главните ловностопански видови на дивеч кои се застапени во Република Северна Македонија?**
   - Обичен елен, срна, дива свиња, дивокоза, зајак, полска еребица, еребица камењарка и фазан.
6. **Како е поделен дивечот според степенот на негова заштита?**
   - Дивеч под заштита и дивеч без посебна заштита
7. **Што се утврдува или пропишува за дивечот под заштита?**
   - За дивечот под заштита се утврдува ловостој, привремена и трајна забрана за ловење
8. **Како ќе го дефинираш поимот ловиште?**
   - Ловиште е определена површина на земјиште и води што претставува природна целина и во која постојат услови за траен опстанок, одгледување, заштита, ловење и користење на дивеч.

9. **Што се подразбира под поимот ловостој?**
   - Ловостој е временски период од годината во кој е забреното ловење на одредени/определени видови на дивеч во ловиштето
10. **Кога е ловостој за дива свиња (мажјак)?**
    - 16 јануари до 30 април (мажјак),
11. **Кога е ловостој за дива свиња женка/маторица?**
    - 16 јануари до 14 септември (женка)
12. **Кога е ловостој за срндак?**
    - 1 октомври до 30 април (срндак),
13. **Кога е ловостој за срна и лане?**
    - 1 февруари до 30 септември срна и лане
14. **Кога е ловостој за дивојарец?**
    - 1 јануари до 31 јули (дивојарец),
15. **Кога е ловостој за дивокоза и јаре?**
    - 1 јануари до 30 септември (дивикоза и јаре)
16. **Кога е ловостој за обичен елен?**
    - 1 февруари до 31 август (елен),
17. **Кога е ловостој за кошута и младенчиња?**
    - 1 јануари до 31 октомври (кошута и младенчиња)
18. **Кога е ловостој за муфлон (мажјак)?**
    - 1 февруари до 15 септември
19. **Кога е ловостој за муфлон (женка)?**
    - женка од 1 февруари до 30 септември (женка и младенчиња))
20. **Кога е ловостој за зајак?**
    - 15 декември до 10 октомври
21. **Кога е ловостој за полска еребица?**
    - 15 декември до 10 октомври (до три единки по ловец во ловен ден)
22. **Кога е ловостој за еребица камењарка?**
    - 15 декември до 10 октомври (до три единки по ловец во ловен ден
23. **Кога е ловостој за фазанот во слободна природа?**
    - 1 јануари до 30 септември
24. **Кога е ловостој за потполошка/препрелица?**
    - 1 април до 31 јули
25. **Кога е ловостој за грлица?**
    - 1 април до 31 јули
26. **Кога е ловостој за шумска шљука?**
    - 1 април до 31 јули

27. **Кога е ловостој за гулаб гривнеж?**

- 1 април 31 јули

28. **Кога е ловостој за див гулаб?**

- 1 април 31 јули

29. **Кога е ловостој за гулаб дупкар?**

- 1 април 31 јули

30. **Кога е ловостој за дива пајка или пајка глувара?**

- 1 април 31 јули

31. **Наброј 4 видови на цицачи кои се трајно забранети за лов?**

- Мечка, рис, видра, верверица, полв, стоболка

32. **Наброј 4 видови на птици кои се трајно забранети за лов?**

- сив сокол, сокол остриж, јужен сокол, мал сокол, ветрушка црнонокта, белонокта ветрушка, црвенонога ветрушка, јастреб врапчар, кусопрст или краткопрст јастреб, обичен глувчар, гаќест глувчар, лисест глувчар, глувчар осаш, еја мочуришна, еја ливадарка, еја полска, луња 'рѓеста, црна луња, сива пајка, пајка превез, белоока њорка, лисеста гуска, жолтоклун лебед...

33. **Што се подразбира под поимот ловна година?**

- Ловна година е временски период од 1 април во тековната година до 31 март во наредната година во кој се вршат сите активности за ловење и користење на дивечот, водење на евиденција и изготвување на плански документи;

34. **Наведи некои плански документи со кои е уредено одгледувањето, заштитата и користењето на дивечот и неговите делови во РСМ?**

- Општа ловностопанска основа, посебна ловностопанска основа, годишен план за управување со дивечот

35. **Наведи неколку начини со кои е забрането да се лови дивеч?**

- со автоматска пушка и полуавтоматска пушка со повеќе од два куршума, со неловечка муниција, експлозиви или отров, на начин и со средства со кои дивечот масовно се уништува, ноќно време, освен волк, чакал и лисица со дочек на чека, за време на поплави, големи снегови, непогоди и пожар, со стапици, мрежи, кафези, кошеви, клопки, вештачки и живи мамки, со употреба на рефлектори (фарови), освен волк, чакал и лисица со дочек на чека,

36. **Кои видови на дивеч се застрелуваат/ловат единствено со ловечки пушки со жлебени цевки**?

- Обичен елен, елен лопатар, срна, дивокоза, мечка, како и алохтоните видови на дивеч.

37. **Дали дивата свиња може да се застрелува/лови со ловечки пушки со мазни цевки?**

- Може, но се препорачува само со специјална муниција (кугла).

38. **Што треба да поседува ловецот од документација за ловење на дивеч?**

- Ловечка легитимација, дневна дозвола за ловење на дивеч издадена од корисникот на дивечот во ловиштето и важечка дозвола за оружје.

39. **Обиченио елен, еленот лопатар, срната, дивокозата, муфлонот се хранатa исклучиво со каква храна?**

- Растителна храна (хербиворни животни)

40. **Што носат мажјаците од фамилијата на елени на главата (обичниот елен, еленот лопатар и срната) како секундарна полова карактеристика?**

- Роговје.

41. **За разлика од фамилијата на елени, што носат на главата претставниците на фамилијата на шупливороги (дивокозата и муфлонот)?**

-Рогови

42. **Која е разликата помеѓу роговје и рогови?**

- Разликата е во тоа што роговјето опаѓа секоја година додека роговите растат во текот на целиот живот, роговјето го носат само машките единки, а роговите по правило и машките и женските единки, роговјето се расчленува на парози, а роговите не се расчленуваат.

43. **Дали на претставниците од фамилијата на елени роговјето им отпаѓа секоја година, а потоа им израснува ново?**

- Да

44. **Дали преставниците од фамилијата на шупливороги единки ги отфрлаат роговите секоја година?**

- Не

45. **Дали роговите се расчленуваат на парози?**

- Не

46. **Во кој период од годината го отфрла роговјето обичниот елен?**

- Февруари-март

47. **Во кој период од годината го отфрла роговјето срндакот?**

- Ноември

48. **Во кој период од годината го отфрла роговјето еленот лопатар?**

- Април-мај

49. **Дали кај дивокозата и муфлонот од роговите кои ги носат на главата може да се определи нивната возраст и како?**

- Да, со броење на годовите кои им се формираат секоја година при прираснувањето.

50. **Дали кај дивокозата по формата на роговите може да се определи полот и како?**

- Да според аголот на свиткување, кај дивојарецот се повеќе кукасто свиткани отколку кај дивокозата

51. **Обичниот елен е моногамен или полигамен вид на дивеч според системот на парење?**

- Полигамен, еден мажјак оплодува повеќе женки

52. **Дали може точно да се определи возраста кај обичниот елен од парозите на роговјето?**

- Не

53. **Во кој период од годината се пари обичниот елен?**

- Септември

54. **Колку трае гравидноста на кошутата?**

- 225-250 денови (околу 230 дена)

55. **Во кој период од годината се пари срната?**

- Јули-август месец

56. **Колку трае гравидноста на срната?**

- Околу 280 дена (260-318 дена)

57. **Како се нарекува појавата на одложена имплантација на оплодената јајцеклетката во матката, а е достапна кај срнечкиот вид на дивеч?**

- Ембриотенија

58. **Кај кои други видови на дивеч е застапена ембриотенијата?**

- Мечка, куна белка, куна златка, јазовец

59. **Колку младенчиња најчесто коти срната?**

- Најчесто 2 младенчиња

60. **Во кој период од годината се пари еленот лопатар?**

- Октомври

61. **Во кој периодот од годината започнува парењето наречено „прск” кај дивокозата?**

- Ноември/декември месец

62. **Во кој период од годината започнува парењето наречено „мркање” кај муфлонот?**

- Есенски период октомбри-декември

63. **Според начинот на исхрана, во која група на животни можиме да ја вброиме дивата свиња?**

- сештојади животни /омнивори/

64. **Во кој период од годината се пари дивата свиња?**

– започнува на крајот на октомври и трае до средина на јануари месец

65. **Колку трае гравидноста кај маториците и колку прасиња најчесто опрасува?**

- Околу 110-120 дена (3м 3н 3д), а најчесто опрасуваат 4-8, 6-8 прасиња

66. **Кој тип на заби се силно развиени кај вепровите и како се нарекуваат во горната и долната вилица?**

- Тип на заби очници, во горна вилица се нарекуваат брусачи, а во долна секачи

67. **Наброј неколку месојади /карниворни животни кои се застапени во нашите ловишта?**

- Мечка, волк, рис, чакал, лисица, куна белка, куна златка

68. **Дали според системот на парење волците се моногамни животни (еден волк да оплодува само една волчица)?**

- Да, еднаш формиран пар се задржува до крајот на животот

69. **Во кој период од годината се парат волците и колку коти една волчица?**

- Јануари-март, а коти 3-8 младенчиња

70. **Дали преовладува хиерархија во глутницата кај волците во однос на размножувањето?**

- Да, се пари само доминантниот пар (алфа мажјак и женка)

71. **Кои предели од Република Северна Македонија ги населува рисот?**

- Западните делови од државата пред се на планините Дешат, Бистра, Кораб, Стогово, Илинска и Плакенска Планина, Јакупица и Јабланица (НП. Шар планина, НП. Маврово, НП. Галичица, Кичевскиот-Бродското ловностопанско подрачје, Дебарскиот регион)

72. **Кои се основни морфолошки карактеристики на рисот?**
- Релативно куса опашка со заоблен црно обоен врв, карактеристични темни пеги по телото, а на врвовите од ушите има долги перчин влакна

73. **Дали рисот е влезен во црвената листа на критично загрозени видови на дивеч според IUCN?**
- Да

74. **Кој е најголем претставник од копнените месојади животни, а е достапен и во Република Северна Макодонија?**
- Мечката

75. **Дали во нашиот регион мечката е типичен хибернатор (залегнува во зимски сон)?**
- Не, таа е атипичен хибернатор

76. **Во кој период од годината се пари мечката, а во кој период ги коти младенчињата?**
- Од мај до средина на јулу се пари, а младенчињата ги коти од јануари до март

77. **Колку младенчиња најчесто коти мечката?**
- 1-3, ретко 4 младенчиња во периодот од јануари до март месец.

78. **Колкава е просечната маса на новороденото младенче од мечка?**
- 350g (250 до 500)

79. **Кои се основни морфолошки карактеристики на дивата мачка?**
- Рунтева опашка со карактеристични 5-7 темни прстени и темен завршеток, 2-3 темни пруги кои поминуваат од темето на главата по грбната страна до почетокот на опашката, црно обоени табани и непца.

80. **Дали дивата мачка е еден од генетски најзагрозените видови на дивеч?**
- Да

81. **Која е основна морфолошка разлики помеѓу куната белка и куната златка?**
- Куната белка има бела дамка на градите која се спушта по рамената од предните нозе, а златката има жолтеникава округла дамка на градите

82. **Дали куната белка и куната златка делат исти место на живеења?**
- Не, златката е поврзана со шумските предели, а белката сака камењари, но може да се забележи и по градските населби и урбанизирани места.

83. **Колку пати се парат зајаците во текот на годината?**

- 2-5 пати во текот на годината

84. **Колку време трае гестацијата кај зајачицата?**

- 42 дена

85. **Во кој период од годината не се парат зајаците?**

- Зима

86. **Колку младенчиња просечно раѓа една зајачица на годишно ниво?**

- 10 до 12 зајачиња

87. **Дали тукушто родените зајачиња се целосно оформени и обраснати со влакна?**

- Да

88. **Дали кај зајаците е застепена појавата на суперфетација (двојна матка), односно можност за носење на две генерации во исто време?**

- Да

89. **Во кој период од годината се парат фазаните и колку просечно јајца носи една фазанка?**

- Март месец и носат 10 до 12 јајца

90. **Дали кај фазаните преовладува харемски полигамен систем на размножување?**

- Да, 1:4 1:6 во корист на женките

91. **Во кој период од годината полските еребиците се издвојуваат во парови?**

- Првата половина на месец февруари

92. **Дали полската еребица и еребицата камењарка се моногамни видови и еднаш формиран пар останува до крајот на животот?**

- Да

93. **Кој го сочинува овогодинишното јато од полската еребица и еребицата камењарка?**

- Родителите (мажјак женка) и овогодинешниот подмладок

94. **Која е единствена преселна птица од редот на кокишките, кај нас доаѓа на прелет, а си оди пред почеток на есен?**

- Потполошка/препелица

95. **Наброј неколку видови на птици од фамилијата на гулаби**?

- Гулаб гривнеж, див гулаб, гулаб дупкар, гугутка, грлица

96. **Која е единствена преселна птица од фамилијата на гулаби?**

- Грлица

97. **Во кој период од годината може да се забележи шумстака шљука во нашиот регион?**
- Зимскиот период (крај на ноември – декември месец)

98. **Наброј неколку видови на патки кои можат да се забележат во нашиот регион?**
- Дива патка (глувара), патка берија, ластарка, патка свиркач, патка лажичарка и сл.

99. **Наброј неколку видови на грабливи птици кои можат да се забележат во нашиот регион?**
- Јастреб кокошкар, јастреб врапчар, јастреб глувчар, сив сокол, сокол остриж, сур орел, полски орел, голем орел кликач...

100. **Кои активности треба да се превземаат од наша страна при природното одгледувањето на дивечот во ловиштата?**
- Зголемување на природниот потенцијал за храна во ловиштата, формирање на засолништа за дивечот, формирање поилишта и калишта за одредени видови на дивеч, формирање на хранилишта, складишта и солишта за дивечот.

101. **Вештачкото одгледување/производство на дивеч до сега успешно се применува само кај кој вид на дивеч?**
- Кај фазаните

102. **Што се подразбира под поимот бонитирање на ловиштата?**
- Бонитирање претставува проценување или оценување на вредностите на одделните еколошки фактори на ловиштето од кои зависи опстанокот и размножувањето на дивечот.

103. **Дали бонитетните фактори како храна и вода, засолниште, мир во ловиштето, клима, квалитет на земјиштето имаат исто/подеднакво влијание врз опстанокот и развитокот на дивечот?**
- Не

104. **Што се подразбира под поимот ловнотехники објекти во ловиштето?**
- Под ловнотехнички објекти се подразбираат поголем број на направи што се градат во ловиштата, а служат за одгледување, заштита и користење на дивечот

105. **Наброј неколку ловнотехнички објекти кои ги има или треба да ги има во нашите ловишта?**
- Хранилишта, складишта за храна, солишта, калишта, поилки, набљудувачници

106. **Како се нарекуваат ловнотехничките објекти кај кои се изнесува сол за некои видови на дивеч?**

- Солишта

107. **Во ловиштата во кои одгледуваме дива свиња и обичен елен покрај доволно количество на храна и вода, што друго е неопходно да има за да ги задоволат своите вродени навики?**

- Калишта

108. **Која е основна цел при одгледувањето на крупниот дивеч?**

- За што пократок временски период густината на неговата популација да се доведе до утврдениот капацитет и да се подобри неговата трофејна вредност (**квалитет**)

109. **Која е основна цел при одгледувањето на ситниот дивеч?**

- Основна цел е да се постигне што поголем бројност на дивеч во ловиштата (**квантитет**)

110. **Дали воспоставување на правилен полов соодност и соодветна возрасна структура има влијание во подобрувањето на трофејната вредност од дивечот кој го одгледуваме?**

- **-** Да

111. **Како се дели ловечкото оруже според начинот на дупчење на цевките?**

- Ловечко оружје со мазни цевки и жлебени/избраздени цевки

112. **Како се вика типот на оружје со кој може да се лови истовремено и крупен и ситен дивеч?**

- Комбинирано оружје

113. **Според начинот на полнење пушките сачмарки можат да бидат?**

- Репетирки и полуавтоматски

114. **Од кои делови се составени пушките сачмарки?**

- Кундак, подкундак, цевка и глава или баскула

115. **Кои механизми се сместени во гавата на пушката сачмарка?**

- Механизмот за повлекување (чкрапнување), механизмот за затегнување на иглите и игли

116. **Од кои делови е составена цевката кај пушките сачмарки во надолжен пресек?**

- Лежиште на патронот, преоден конус, душа на цевката и чок

117. **Што се подразбира под поимот чок?**

- Под поимот чок се подразбита стеснување на цевката

118. **Каде се наоѓа чокот на цевката?**
- На врвот/устата од цевката

119. **Колку вида на чокови постојат?**
- Полн чок, три четвртини чок, половина чок и една четвртина чок

120. **Објасни што е калибар 12 или 16 или 20 кај пушките сачмарки?**
- Од една англиска фунта или либра олово кој тежи 453,6 грама, доколку се излеат 12 кугли со ист пречник и големина, пречникот на било која од тие 12 кугли го даваат калибарот 12, односно пречникот на душата на цевката од калибарот 12, истата постапка е и за калибрите 16, 20, 28, 36...

121. **Што означува бројот 12/65, 12/70, 12/76, 12/89?**
- Првиот број го означува калибарот, а вториот должината на лежиштето на патронот.

122. **Од кои делови се составени пушките куглари/карабини?**
- Кундак со подкундак, глава (баскула) и цевка,

123. **Колку нишани имаме кај пушките куглари/карабини и кои се тие?**
- Два, преден и заден нишан

124. **Објасни што е калибар кај пушките со жлебени цевки (пример 8x57)?**
- Првиот број го означува пречникот на душата на цевката (просечно растојание од поле до поле и жлеб до жлеб), а вториот должината на чаурата

125. **Како се делат кундаците според нивната форма?**
- Англиски и германски кундаци

126. **Која е идеална далечина за застрел со пушките сачмарки?**
- 30 до 50 метри

127. **Од кои делови е составен патронот кај пушките сачмарки?**
- Чаура,准капсла, барутно полнење, тапа, сачми, капачиња

128. **Од кои делови е составен патронот кај пушките куглари?**
- Чаура, каписла, барутно полнење и зрно

129. **На кој начин дивечот остава траги во природата?**
- Стапки (прсти, цели шепи, копита), измет, изгризани гранки и леторасти, изгулена кора од дрвјата, риеници на површината од почвата, остатоци од влакна/пердуву и сл.

130. **Како се вика науката која ги проучува кучињата?**
- Кинологија

131. **Наведи неколку групи на ловечки кучиња кои ги познаваш?**
- Гонители/гоничи, брак-јазовичари, јамари, душкачи, крвоследници, ретривери, птичари (англиски и континентални)

132. **Наведи неколку кучиња кои спаѓаат во групата на гоничи/гонители?**
- Српски тробоен гонич, истарски кусовлакнест гонич, истрски оштровлакнест гонич, посавски гонич, српски/балкански гонич, алпинец, босански барак.

133. **Наведи неколку кучиња кои спаѓаат во групата на птичари?**
- Поентер, англиски сетер, гордон сетер, бретонски епањел, германски кусовлакнест птичар, пудл поентер, голем и мал мистерлендерски пртичар.

134. **Наведи неколку кучиња кои спаѓаат во групата на крвоследници?**
- Баварски крвоследник, хановерски крвоследник

135. **Кој вид на куче треба да го поседува корисникот на дивечот во ловиштето во кое се лови двопапкарски дивеч?**
- Крвоследник

136. **Кај кој вид на дивеч јасно се гледа отпечатокот на запапците (задните прсти од копитото 2 и 5 прст)?**
- Дива свиња

137. **Кој вид на дивеч храната ја бара со карактеристично ‘риење на почвата?**
- Дива свиња

138. **Трагите од мечка се свртени навнатре и има јасни отпечатоци од што?**
- Од силно развиените нокти

139. **Како изгледа изметот од мечка и дали можете да го помешате со измет од некој друг вид на дивеч?**
- Изметот е доста габаритен во вид на распрскано купче и неможе да се помеша со друг вид на дивеч

140. **Трагата од волк, најчесто можиме да е помешама со трагата од?**
- Овчарско куче

141. **Во изметот од волк најчесто се забележуваат какви остатоци?**
- Коски/влакна како несварени состојки од пленот кој го уловил

142. **Дали во трагите од дива мачка се забележуваат отпечатоци од нокти?**
- Не, таа ги вовлекува ноктите

143. **Дали во трагите од јазовец се забележуваат отпечатоци од нокти?**
- Да, во трагата јасно се забележуваат долгите отпечатоци од нокти

144. **Во трагата од зајакот кои нозе јасно се забележуваат?**
- Задните нозе

145. **Изметот, односно брбушките од зајакот се со карактеристична каква боја?**
- Жолтеникаво-кафеава боја

146. **Што се тоа ловечки трофеи?**
- Ловечки трофеи се делови од дивечот подготвени или препарирани да се зачуваат подолг временски период, а истите се оценуваат согласно со меѓународните стандарди усвоени со меѓународен договор.

147. **Дали трофеите имаат прометна вредност?**
- Не

148. **Што се смета како врвен трофеј од дивечот и дали може да го откупи државата?**
- Како врвен трофеј се смета оној трофеј кој има поголем број на бодови од претходно евидентираниот првак за одделни главни ловностопански видови дивеч во РСМ. Државата може да ги откупи и се чуваат во Природно научен музеј

149. **Што се оценува како трофеј од обичен елен?**
- Роговјето со дел од черепот

150. **Што се оценува како трофеј од мечка?**
- Крзно и череп

151. **Што се оценува како трофеј од дива свиња?**
- Забите очници (кљови) од вепровите

152. **Што се оценува како трофеј од дивокоза?**
- Роговите со дел од череп или препарирана цела глава

153. **Што се оценува како трофеј од срндак?**
- Роговјето со дел од черепот

154. **Што се оценува како трофеј од волк?**
- Крзно и череп

155. **Што се оценува како трофеј од лисица и јазовец?**
- Само черепот

156. **Во кој случај дивечот може да направи посериозни штети врз земјоделските култури?**
- Кога имаме пренамножување на дивеч во ловиштата

157. **Што треба да се одржува во нормала за да имаме што помал број на штети врз посевите и имотот на луѓето?**
- Одржување на нормалната бројна состојба на дивечот во ловиштата

158. **Како можат да се поделат надворешните причини за заболување на дивечот според своето потекло?**
- Механички, хемиски, климатски и биолошки

159. **Кои се механички причини за заболување на дивечот?**
- Во ретки случаи самостојна повреда, свиткување или скршеница на нога, но почесто механичките причини се резултат на повреди кои човекот ги нанесува на дивечот со поставување на примки, стапици и користење на несоодветна муниција

160. **Кои се биолоши причини за заболување кај дивечот?**
- Паразити, бактерии, вируси и габи

161. **Кое е најпознато вирусно заболување кај дивите свињи?**
- Африканска свинска чума

162. **Кое е најпознато паразитско заболување кај дивите свињи, а може да се пренеси и на човекот?**
- Трихинелоза

163. **Кое диво животно најчесто заболува од беснило и дали може ова болест да се пренеси на човекот?**
- Лисицата, да може да се пренеси

164. **Наброј неколку мерки за спречување на појава и ширење на болестите?**
- Одржување на соодветна густина на популацијата, дренажа на мртви води, безштетно отстранување на пцовисани животни, редуцирање на бројот на животни кои ги придонесуваат во пренесувањето болестите

165. **Што треба задолжително да носи со себе секој ловец за време на лов во случај на несакана повреда или некој несреќен случај?**
- Кутија за прва помош со некоја основна опременост

166. **Наведи неколку примери каде ловците не применуваат ловечка етика за време на лов?**
- Измачување или изживување со ранет дивеч, пукање врз дивеч на несоодветна далечина и безпотребно негово ранување, пукање на ситен дивеч за време на стоење, пукање врз крупен дивеч за време брзо одење

или трк, несоодветно фотографирање на дивечот, не оддавање на почит за одземањето на живот.